# ИНТЕГРАЦИЈА НА РОМИТЕ 2020

Акциониот тим за Интеграција на Ромите 2020 во рамки на Советот за регионална соработка (СРС) работи кон

**зајакнување на институционалните обврски** на владите за вградување и исполнување на конкретни цели поврзани со интеграцијата на Ромите во рамки на општите политики и јавниот буџет со што ќе се намали **социо-економскиот јаз** помеѓу ромската и неромската популација во Западен Балкан и Турција

# КАДЕ САКАМЕ ДА БИДЕМЕ?

## Нашите цели се:

- Забрзана имплементација, подобрена меѓу-секторска координација и изградени институционални капацитети за интеграција на Ромите
- Ромските прашања се вградени во општите политики во рамки на целокупната регионална соработка со вклопување на политиките во регионалниот контекст и стандарди
- Воспоставен соодветен систем за следење на интеграцијата на Ромите
- Отсликани практиките од ЕУ за интеграција на Ромите во регионот на проширување



ROMA
INTEGRATION
2020

# ШТО СМЕ НАПРАВИЛЕ ДОСЕГА НА ПАТОТ КОН ЦЕЛТА?

РАБОТ

- Го **започнавме проектот Интеграција на Ромите 2020** со формирање на Акционен тим и организирање на состанок на високи претставници од регионот за да се зајакне нивната посветеност кон интеграцијата на Ромите и проектот
- **Организиравме платформи за јавен дијалог** за интеграцијата на Ромите во сите земји учеснички
- **Формиравме Работно тело** што се состои од Националните контакт лица за Роми и претставници на граѓанското општество од регионот, што ќе се состанува еднаш годишно и ќе поставува регионални стандарди за политиките за интеграција на Ромите
- **Предложивме стандарди за следење и известување** за интеграцијата на Ромите кои што беа усвоени од Работното тело на проектот Интеграција на Ромите 2020 на првиот состанок
- **Ги обучивме соодветните јавни службеници** задолжени за интеграција на Ромите во областите на образование, вработување, домување, здравство, матична евиденција, финансии и статистика за следење и известување за интеграцијата на Ромите
- **Обезбедивме техничка и експертска помош** на владите во регионот за изработка на годишни планови и соодветен буџет за имплементација на нивните политики за интеграција на Ромите.



# СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ

ROMA INTEGRATION 2020

# КАДЕ СЕ НАОЃА РЕГИОНОТ СЕГА?

## Земјите на Западен Балкан и Турција

- Усвоија национални политики за интеграција на Ромите во форма на стратегии и/или акциони планови
- Назначија Национални контакт лица за Роми (НКЛР) за учествуво во проектот Интеграција на Ромите 2020 и водење на политиките за интеграција на Ромите
- Усвоија регионални стандарди за следење и известување за политиките за интеграција на Ромите
- Спроведоа низа различни ветувачки мерки за интеграција на Ромите со перспектива да се институционализираат
- Ја препознаа потребата за подобрување на буџетското планирање, распределба и трошење на средствата за нивните политики за интеграција на Ромите
- Ја утврдија потребата за вградување на ромските прашања во генералните социо-економски политики, посебно политиките за образование, вработување, домување, здравство и матична евиденција
- Утврдија дека недостасува напреден систем за следење на интеграцијата на Ромите
- Ја забележаа потребата за поодлучна акција во справувањето со дискриминацијата против Ромите како основна причина за нивната сиромаштија, маргинализација и исклучување.




ROMA
INTEGRATION
2020

# ШТО МИСЛАТ ЛУГЕТО КОМПАНИИТЕ?



## САМО 7%

од компаниите во Југоисточна Европа велат дека вработуваат Роми, со највисок процент во



## АЛБАНИЈА 18%

А НАЈНИЗОК ВО ЦРНА ГОРА,

САМО 3%



Извор на податоци: Балкански Барометар 2016 на Советот за регионална соработка, истражување на мислењата на јавноста/компаниите за ситуацијата во регионот



Според сознанијата на **Балкан-барометарот 2016** на СРС, ромската популација има значително поголеми изгледи да најде работа во извозно-ориентирани компании, увозно-ориентирани компании, големи фирми и зрели компании, бидејќи се покажува дека

**20%** ОД ВАКВИТЕ КОМПАНИИ ВЕЛАТ ДЕКА ИМААТ РАБОТНИЦИ ОД РОМСКАТА ПОПУЛАЦИЈА.

**70%**

од луѓето во ЈИЕ се согласуваат дека владите треба да обезбедат афирмативни мерки и да промовираат можности за Ромите при пријавувањето за работа во јавниот сектор.

**76%**

од граѓаните на ЈИЕ сметаат дека владите треба да воведат афирмативни мерки за ромската популација при запишување во средно училиште или на факултет.

**69%**

од граѓаните на ЈИЕ велат дека нивните влади треба да преземат повеќе мерки за да обезбедат подобри услови за домување на Ромите.

# ШТО ЌЕ НАПРАВИМЕ ДА ЈА ПРОМЕНИМЕ СИТУАЦИЈАТА И КАКО?

## Институционална поддршка за:

- **Институционална поставеност:** НКЛР и интер-дисциплинарни тела;
- **Зајакнување на капацитетот:** консултативни средби и обуки;
- **Препорачување на политики:** резиме на предлози и совети;
- **Национални платформи** (форуми за јавен дијалог);
- **Регионални работилници** за градење на капацитети и размена на искуства.

## Регионална соработка

- **Состаноци на високо ниво** за утврдување на заеднички политики;
- Состаноци на **Работното тело** за управување на проектот;
- **Поврзување** на интеграцијата на Ромите со работата на СРС;
- **Видливост:** билтен, веб-сајт, монографија.

## Соработка со ЕУ & меѓународна соработка

- **Известување:** годишни извештаи за имплементацијата и влијанието;
- Учество и размена на ниво на **ЕУ и на меѓународно ниво**;
- Пресликување на **рамката на ЕУ** и придонесување во процесот на пристапување кон ЕУ.



ROMA
INTEGRATION
2020

# АКЦИОНИОТ ТИМ ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА РОМИТЕ 2020 ГО СОЧИНУВААТ:



**ОРХАН УСЕИН**
ТИМ ЛИДЕР
orhan.usein@rcc.int



**АЛЕКСАНДРА БОЈАЏИЕВА**
ЕКСПЕРТ ЗА ПОЛИТИКИ
aleksandra.bojadjieva@rcc.int



**АЛЕНКА ВЕРБОЛЕ**
ЕКСПЕРТ ЗА ПОЛИТИКИ
alenka.verbole@rcc.int



**РАДА КРСТАНОВИЌ**
АДМИНИСТРАТИВЕН АСИСТЕНТ
rada.krstanovic@rcc.int